*Shumica e aktiviteteve të përgatitura në planin Strategjik në fushën Korniza ligjore janë ose të përfunduar ose në rrjedhë të zbatimit, derisa janë të përcaktuara si peioritare në Strategjinë. Koordinimi i institucioneve është përmirësuar lidhur me zbatimin e strategjisë "Një shoqëri për të gjithë dhe ndërkulturalizëm". Gjatë përcaktimit të rang listës të gjeneratës së 7-të të pjesëmarrësve në trajnimin fillestar në Akademinë për Gjykatës dhe Prokurorë Publikë, parimi i përfaqësisë ligjore i të gjithë bashkësive është respektuar. Edhe Këshilli i Gjykatësve edhe Këshilli i Prokurorëve Publikë, si institucione pjesëmarrëse, gjithashtu në vazhdimësi veprojnë në pajtim me këtë parim. Deri në fund të vitit 2021, parashihet edhe miratimi i Strategjisë Kombëtare për Barazi dhe Mosdiskriminim. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut miratoi Ligjin për Personat e Paevidentuar në Librin Amë të të Lindurve (G.Z. 42/2020 datë 16 shkurt 2020). Sipas statistikës së Drejtorisë për Udhëheqjen e Librave Amë në Ministrinë e Drejtësisë, deri më tani 205 persona kanë parashtruar kërkesë për regjistrim shtesë në Librin e Veçantë Amë të të Lindurve. Deri më tani, për 72 persona ka mbaruar procedura dhe kanë marrë certifikatë nga Libri i Veçantë Amë i të Lindurve. Me marrjen e Çertifikatës , këtyre qytetarëve ju lëshohet edhe letërnjoftim dhe të njëjtit kanë edhe mundësinë të realizojnë të drejta tjera, siç janë kujdesi shëndetësor dhe social dhe të drejtën për arsimim.*

## - СТРАТЕШКА ОБЛАСТ : ОБРАЗОВАНИЕ –

## - FUSHA STRATEGJIKE : ARSIMI -

Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот е документ кој е од особено значење, имајќи ја предвид поделеноста на општеството по различни основи. Овој документ иницираше активности чија крајна цел е да ги зајакне процесите на комуникација и соработка меѓу заедниците во насока на создавање на општество во кое секој ќе се чувствува како припадник на „едно општество".

Едно од начелата врз основа на кои се развива образованието, утврдено и со законската регулатива е: „прифаќање на различностите, мултикултурализам и интеркултурализам". Воведувањето на интеркултурното образование е неопходно за да се надмине пасивниот соживот меѓу различните етнички и религиски заедници кои живеат во нашата земја и да се овозможи одржлив начин на заедничко живеење во нашето мултикултурно/мултиетничко општество. За да ја постигне таа цел, образованието мора да вклучува активности и содржини кои промовираат почитување на културната различност и интеракција меѓу учениците коишто се припадници на различни етнички заедници и учат на ист јазик или на различни наставни јазици.

Оттаму, во Националната стратегија во рамките на стратешката област образованието се идентификувани три приоритети и соодветни приоритетни цели и активности.

**Приоритет 1: Обезбедување интеракција меѓу учениците од различните етнички заедници** и различните наставни јазици во основното и средното образование.

Во функција на наведениот приоритет се утврдуваат следниве приоритетни цели:

- Зголемена интеракција на учениците од различните етнички заедници/наставни јазици преку заеднички воннаставни активности во училиштата,
- Зголемена интеракција на учениците од различните етнички заедници/наставни јазици преку заеднички наставни активности по најмалку два различни предмети во училиштата,
- Зголемување на меѓусебната соработка помеѓу различни општински/државни училишта,
- Зголемена соработка на наставниците од различни наставни јазици,

Strategjia Kombëtare për zhvillimin e konceptit për Një Shoqëri dhe Ndërkulturalizëm është dokument që ka një rëndësi të veçantë, duke pasur parasysh ndarjen e shoqërisë në baza të ndryshme. Ky dokument filloi aktivitete, qëllimi përfundimtar i të cilave është përforcimi i proceseve të komunikimit dhe bashkëpunimit midis bashkësive në mënyrë që të krijohet një shoqëri në të cilën të gjithë do të ndihen si anëtar i "një shoqërie".

Një nga parimet mbi bazën e të cilit zhvillohet arsimi, i përcaktuar nga rregullativa ligjore, është: "pranimi i diversitetit, multikulturalizmit dhe ndërkulturalizmit". Futja e arsimit ndërkulturor është e nevojshme për tejkalimin bashkëjetesën pasive midis bashkësive të ndryshme etnike dhe fetare që jetojnë në vendin tonë dhe për të mundësuar mënyrë e qëndrueshme e bashkëjetesës në shoqërinë tonë multikulturore / multietnike. Për të arritur këtë qëllim, arsimi duhet të përfshijë aktivitete dhe përmbajtje që promovojnë respektimin e diversitetit kulturor dhe ndërveprimin midis nxënësve që i përkasin bashkësive të ndryshme etnike dhe mësojnë në gjuhën e njëjtë ose në gjuhë të ndryshme mësimore.

Prandaj, në Strategjinë Kombëtare në suaza të fushës strategjike të arsimit, janë identifikuar tre prioritete dhe qëllimet dhe aktivitetet e duhura të prioriteteve.

**Prioriteti 1: Sigurimi i ndërveprimit ndërmjet nxënësve nga bashkësi të ndryshme etnike** dhe gjuhëve të ndryshme të mësimit në arsimin fillor dhe të mesëm.

Në funksion të prioritetit të shënuar, përcaktohen qëllimet e mëposhtme prioritare:

- Rritja e ndërveprimit të nxënësve nga bashkësi të ndryshme etnike / gjuhë mësimore përmes aktiviteteve të përbashkëta jashtë mësimit në shkolla,
- Rritja e ndërveprimit të nxënësve nga bashkësi të ndryshme etnike / gjuhë mësimore përmes aktiviteteve të përbashkëta mësimore në të paktën dy lëndë të ndryshme në shkolla,
- Rritja e bashkëpunimit të ndërsjellë ndërmjet shkollave të ndryshme komunale / shtetërore,
- Bashkëpunim i shtuar i mësimdhënësve nga gjuhë të ndryshme mësimore,

- Зголемена соработка на релација училиште – родители – ученици.

**Приоритет 2: Унапредување на учењето на јазикот на „другиот“**
Во функција на наведениот приоритет се утврдуваат следниве приоритетни цели:

- Подобрено ниво на познавање на македонскиот јазик меѓу учениците кои посетуваат настава на јазик различен од македонскиот,
- Учениците што учат на македонски јазик се оспособени за основна комуникација на јазикот на други етнички заедници.

**Приоритет 3: Зајакнување на елементите на интеркултуралноста во наставните содржини**
Во функција на наведениот приоритет се утврдуваат следниве приоритетни цели:

- Ревидирање на учебниците во насока на запознавање со културата на „другите“ и почитување на различностите
- Воведување нови проектни активности во насока на запознавање со културата и традицијата на сите заедници

Извештајот за постигнати резултати во периодот јануари-декември 2020 година, дава преглед на реализирани активности по приоритети и приоритетни цели, ги идентификува ризиците и предизвици (особено земајќи ја превид актуелната состојба во Ковид 19 пандемијата), дава преглед на постигнати резултати но и оценка како тие резултати придонесуваат во остварување на посакуваните цели. Треба да се земе предвид и фактот дека станува збор за периодичен извештај кој се однесува на една календарска година, па оттаму и оценката за постигнувањето на приоритетните цели е периодична.

**Приоритет 1: Обезбедување интеракција меѓу учениците од различните етнички заедници и различните наставни јазици во основното и средното образование**

- Bashkëpunim i shtuar i relacionit shkollë - prindër - nxënës.

**Prioriteti 2: Përparimi i mësimit të gjuhës së "tjetrit"**
Në funksion të prioritetit të përcaktuar, përcaktohen qëllimet e mëposhtme prioritare:

- Niveli i përmirësuar i njohurive të gjuhës maqedonase në mesin e nxënësve që ndjekin mësimet në gjuhë tjetër nga maqedonishtja,
- Nxënës që mësojnë në gjuhën maqedonase janë të aftësuar në komunikimin bazë në gjuhën e bashkësive të tjera etnike.

**Prioriteti 3: Përforcimi i elementeve të ndërkulturalitetit në përmbajtjet e mësimore**
Në funksion të prioritetit të theksuar, përcaktohen qëllimet e mëposhtme prioritare:

- Revidimi i librave shkollorë në mënyrë që të njihen me kulturën e "të tjerëve" dhe respektimin e diversitetit
- Futja e aktiviteteve të reja të projektit në mënyrë të njohjes së kulturës dhe traditës së të gjitha bashkësive

Raporti për rezultatet e arritura në periudhën janar-dhjetor 2020, ofron pasqyrë të aktiviteteve të realizuara sipas prioriteteve dhe qëllimeve prioritare, identifikon rreziqet dhe sfidat (veçanërisht duke marrë parasysh situatën aktuale në pandeminë Covid -19), ofron pasqyrë të rezultateve të arritura por dhe vlerësimi se si ato rezultate kontribuojnë në arritjen e qëllimeve të dëshiruara. Duhet të merret parasysh edhe fakti që ky është raport periodik që i referohet një viti kalendarik, prandaj merret parasysh edhe vlerësimi i arritjes së qëllimeve prioritare është periodike.

**Prioriteti 1: Sigurimi i ndërveprimit ndërmjet nxënësve nga bashkësi të ndryshme etnike dhe gjuhëve të ndryshme të mësimore në arsimin fillor dhe të mesëm**

**1. 1 Приоритетна цел: Зголемена интеракција на учениците од различните етнички заедници/наставни јазици преку заеднички воннаставни активности во училиштата**

**Реализирани активности во 2020 г. во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.1:**

Наставните и воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштата се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење.

Во 2020 година, министерот за образование и наука на предлог на Бирото за развој на образованието со Решение бр. 12-2897/2 од 5.3.2020 година ја донесе ***Концепцијата за воннаставни активности во основно образование***. Со новата Концепција посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, ***Демократска култура, мултикултура и граѓанство,*** Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. Сите ученици што учествуваат во воннаставни активности треба да бидат заштитени од манифестација на каков и да е облик на дискриминација. Тоа значи дека воннаставните активности треба да бидат спроведувани во услови што оневозможуваат ученикот кој учествува во активноста да биде изложен на стереотипи, предрасуди и дискриминирачко однесување од страна на соучениците, наставниците и другите возрасни во училиштето.

**1. 1 Qëllimi prioritar: Rritja e ndërveprimit të nxënësve nga bashkësi të ndryshme etnike / gjuhë mësimore përmes aktiviteteve të përbashkëta jashtë mësimore në shkolla**

**Aktivitete të realizuara në vitin 2020 në mënyrë të përmbushjes së Qëllimit prirotar 1.1:**

Aktivitetet mësimore dhe jashtë mësimore paraqesin tërësi të pandashme në procesin edukativo-arsimor që krijojnë parakushtet e nevojshme që nxënësi të zhvillohet në person të hapur, të pavarur, kreativ dhe me karakter. Në suaza të veprimtarisë edukativo-arsimore në shkolla, organizohen dhe realizohen aktivitete të ndryshme jashtë mësimore në përputhje me nevojat dhe interesat e zhvillimit të nxënësve dhe pjesëmarrjen e tyre aktive, në mënyrë që shkolla të bëhet një vend për soacializim të nxënësve dhe ambient tërheqës për mësim.

Në vitin 2020, Ministri i Arsimit dhe Shkencës me propozimin e Byrosë për Zhvillimin e Arsimit me Aktvendim nr. 12-2897 / 2 datë 5.3.2020 miratoi ***Konceptin për aktivitetet jashtë mësimore në arsimin fillor***. Me Konceptin e ri, theks i veçantë vihet në diturive, aftësitë dhe vlerat / qëndrimet e përfshira në fushat e mëposhtme për ciklin e duhur të moshës së nxënësve: Zhvillimi personal dhe shoqëror, ***Kultura demokratike, multikultura dhe qytetaria,*** Shprehja dhe kultura artistike dhe Sipërmarrja dhe njohuritë financiare. Të gjithë nxënësit që marrin pjesë në aktivitete jashtë mësimore duhet të mbrohen nga manifestimi i çdo forme diskriminimit. Kjo do të thotë që aktivitetet jashtë mësimore duhet të realizohen në kushte që nuk lejojnë që nxënësi që merr pjesë në aktivitet të ekspozohet ndaj stereotipeve, paragjykimeve dhe sjelljes diskriminuese nga bashkëmoshatarët, mësuesit dhe të rriturit e tjerë në shkollë.

Во рамки на секое училиште формиран е Тим за училишна интеграција кој планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.

Në suaza të secilës shkollë, është formuar Ekip i Integrimit Shkollor i cili planifikon dhe organizon aktivitete që kontribuojnë në respektimin e multikulturalizmit dhe zhvillimin e dialogut / bashkëveprimit dhe promovimit të integrimit ndëretnik.

70 основни и 25 средни училишта добија грант од МОН за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во учебната 2019/2020 година Дел од тие активности се одржаани со физичко присуство во текот на месец февруари и март 2020 додека другите се одржани онлајн. Во месец ноември 2020 година, МОН објави јавен повик за доделување финансиска поддрша за 95 училишта (70 основни и 25 средни) кои ќе реализираат активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикулурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција за учебната 2020/2021 година. Заедно со повикот МОН објави и Упатство со примери за воннаставни активности (https://mon.gov.mk/stored/document/Primer%20za%20online%20aktivnosti_v2.pdf) кои можат да се реализираат онлине изготен со поддршка на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) реализиран од Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО).

70 shkolla fillore dhe 25 të mesme morën grant nga MASH për realizimin e aktiviteteve për integrimin ndëretnik në vitin akademik 2019/2020. Disa nga këto aktivitete u mbajtën me prani fizike gjatë muajve Shkurt dhe Mars 2020 ndërsa të tjerët u mbajtën online. Në nëntor 2020, MASH shpalli thirrje publike për mbështetje financiare për 95 shkolla (70 shkolla fillore dhe 25 shkolla të mesme) që do të realizojnë aktivitete që kontribuojnë në zhvillimin dhe promovimin e multikulturalizmit, integrimit ndëretnik dhe tolerancës për vitin akademik 2020 / 2021. Së bashku me thirrjen, MASH-i shpalli edhe Udhëzues me shembuj të aktiviteteve gjashtësh mësimore https://mon.gov.mk/stored/document/Primer%20za%20online%20aktivnosti_v2.pdf) i cili mund të realizohet online me mbështetjen e Projektit të USAID-it për Integrimin Ndëretnik të të Rinjve në Arsim (INRA) të realizuar nga Qendra Maqedonase për Edukim Qytetar (QMEQ).

Во соработка со партнери како ОБСЕ, Фондацијата Отворено општество, УСАИД, Македонски центар за граѓанско образование, Детската Фондација Песталоци и Нансен дијалог центарот се реализираа низа активности. Во однос на мерката 1.1.1.2 Подготовка на програма за заеднички воннаставни активности, реализирани се следните активности:
Со поддршка на Проектот на УСАИД МИМО реализиран од МЦГО во 2020 г. изготвени и усвоени се 15 општински стратегии за меѓуетничка интеграција и младинско учество од страна на работни групи/комисии воспоставени од страна на градоначалниците на општините. Со тоа, 30 од вкупно 81 општини во земјата имаат донесено Општински стратегии за МИО и младинско учество и акциски планови за поддршка на реализацијата на воннаставните активности предвидени во годишните планови на училиштата и реализација на заеднички активности во заедницата.

Në bashkëpunim me partnerë të tillë si OSBE, Fondacioni i Shoqërisë së Hapur, USAID, Qendra Maqedonase për Edukim Qytetar, Fondacioni i Fëmijëve Pestalozzi dhe Qendra e Dialogut Nansen janë realizuar një seri aktivitetesh. Lidhur me masën 1.1.1.2 Përgatitja e programit për aktivitete të përbashkëta jashtë mësimore, janë realizuar aktivitetet e mëposhtme:
Me mbështetjen e Projektit USAID INRA të realizuara nga QMEQ në vitin 2020 janë përgatitur dhe miratuar 15 strategji komunale për integrim ndëretnik dhe pjesëmarrje të të rinjve nga grupet e punës / komisionet e krijuara nga kryetarët e komunave. Kështu, 30 nga 81 komuna në vend kanë miratuar Strategjitë Komunale për INA dhe pjesëmarrjen e të rinjve dhe planet e aksionare për të mbështetur realizimin e aktiviteteve jashtë mësimore të parashikuara në planet vjetore të shkollave dhe realizimi i aktiviteteve të përbashkëta në bashkësi.

Во 2020 г. МЦГО во рамките на Проектот МИМО и во партнерство со Младински образовен форум, ги поддржаа општините со веќе донесените (во 2019) стратегии за меѓуетничка интеграција и младинско учество да ги

Në vitin 2020 QMEQ brenda Projektit INRA dhe në partneritet me Forumin Arsimor e të Rinjve, mbështeti komunat me strategjitë e miratuara tashmë (në 2019) për integrimin ndëretnik dhe pjesëmarrjen e të rinjve për të zbatuar planet

реализираат акциските планови на стратегиите и се реализираа 3 активности со физичко присуство и 53 активности на далечина, што имаат за цел дефинирање на ученички иницијативи и спроведување на младински акции (во 2021 г.) од страна на училишта на локално ниво во 10 општини (Струга, Св. Николе, Пробиштип, Прилеп, Велес, Долнени, Врапчиште, Тетово, Кавадарци, Гевгелија).

aksionare të strategjive dhe janë realizuar 3 aktivitete me prani fizike dhe 53 aktivitete me distancë, të cilat synojnë përcaktimin e iniciativave të nxënësve dhe zbatimin e veprimeve së të rinjve (në vitin 2021) nga shkollat në nivelin lokal në 10 komuna (Strugë, Shën Nikollë, Probishtip, Prilep, Veles, Dollnen, Vrapçishtë, Tetovë, Kavadarë, Gjevgjeli).

Во 2020 г. МЦГО во рамките на Проектот на Детска Фондација Песталоци - Јакнење на мултиетничката соработка во општините и Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) поддржа 31 училишта во реализација на активности во секции.

*Активностите реализирани во рамките на Проектот МИМО се претставени во инфографик достапен на следниот линк: http://www.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2017/09/Component-1-Timeline-1.pdf*

Në vitin 2020 QMEQ në kuadër të Projektit të Fondacionit të Fëmijëve Pestalozzi - Forcimi i Bashkëpunimit multietnik në komunat dhe Projekti i USAID-it për integrimin ndëretnik të të rinjve në arsim (INRA) mbështet 31 shkolla në realizimin e aktiviteteve në seksione.

*Aktivitetet e realizuara në kuadër të Projektit INRA paraqiten në infografikë të disponueshme në lidhjen vijuese: http://www.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2017/09/Component-1- Afati kohor- 1.pdf*

Нансен дијалог центар изготви програма за заеднички воннаставни активности (годишни програми за заеднички воннаставни активности за основно и цело средно образование). Програмите се достапни на македонски, албански и турски јазик на веб страната: https://nmie.org/mk/publikacii/

Qendra e Dialogut Nansen ka zhvilluar program për aktivitete të përbashkëta jashtë mësimore (programe vjetore për aktivitete të përbashkëta jashtë mësimore për arsimin fillor dhe të mesëm të plotë). Programet janë në dispozicion në gjuhën maqedonase, shqipe dhe turke në faqen e internetit: https://nmie.org/mk/publikacii/

Во однос на мерката 1.1.1.3. Усвојување на заеднички воннаставни активности, истата континуирано се спроведува, односо училиштата во годишните програми внесуваат заеднички воннаставни активности. Во Законот за основното образование, во член 49 став (5) е уредено дека во рамки на Годишната програма се планираат и активности за меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи. Дополнително, Државниот просветен инспекторат со поддршка на Проектот на УСАИД МИМО реализиран од МЦГО изврши промени во Прирачникот за интегрална евалуација и Индикаторите за квалитет на работата на училиштата со надградени елементи од меѓуетничка интеграција. Измените во документите беа промовирани (https://mk.mcgo.org.mk/vesti/podobreni-indikatorite-za-kvalitet-na-rabota-na-ucilistata/)

Lidhur me masën 1.1.1.3. Miratimi i aktiviteteve të përbashkëta jashtë mësimore, e njëjta në vazhdimësi realizohet, përkatësisht shkollat në programet vjetore përfshijnë aktivitete të përbashkëta jashtë mësimore. Në Ligjin për Arsimin Fillor, neni 49 paragrafi (5) përcakton se në suaza të Programit Vjetor planifikohen edhe aktivitete për integrimin ndëretnik dhe iniciativat e përbashkëta të nxënësve. Për më tepër, Inspektorati Shtetëror i Arsimit me mbështetjen e Projektit USAID INRA të realizuar nga QMEQ bëri ndryshime në Doracakun e Vlerësimit të Integruar dhe Indikatorëve për cilësinë e punës së shkollave me elemente të azhurnuara të integrimit ndëretnik. Ndryshimet në dokumente u promovuan (https://mk.mcgo.org.mk/vesti/podobreni-indikatorite-za-kvalitet-na-rabota-na-ucilistata/)

Државниот просветен инспекторат беше поддржан од страна на Проектот на УСАИД МИМО реализиран од МЦГО во повторно ревидирање на ИКРУ и

Inspektorati Shtetëror i Arsimit u mbështet nga Projekti USAID INRA i realizuar nga QMEQ në revidimin e ICPSH dhe instrumenteve në Doracakun për Realizimin e

инструментите во Прирачникот за реализација на Интегрална евалуација и изготвување на Протокол за спроведување на Интегрална евалуација во основните и средните училишта во Република Северна Македонија во услови на вонредни околности за да одговори на промените во законите. Исто така беа реализирани средби со сите инспектори на ДПИ за да се информираат за измените и дополнувањата во документите.

**Идентификувани ризици и предизвици и планиран нов рок за спроведување на активностите:**

Имајќи предвид дека во месец март 2020 година, со одлука на Владата а на предлог на Комисијата за заштита од заразни болести, училиштата беа затворени како резултат на Пандемијата Ковид 19, мерката 1.1.1.4. Организација на „Недела на интеркултурализмот" не се реализираше, поради што се предлага истата да се реализира во четвртиот квартал од 2021 година. Во однос на мерката 1.1.1.1 Изработка на документ - Правилник за организирање на наставата во повеќејазичните училишта, се предлага донесување на Упатство за организирање на наставата во повеќејазичните училишта и истото да се изготви во третиот квартал од 2021 година.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1.1**

Vlerësimit të Integruar dhe përgatitjen e Protokollit për zbatimin e Vlerësimit të Integruar në Shkollat Fillore dhe të Mesme në Republikën e Maqedonisë së Veriut në kushte të rrethanave të jashtëzakonshme për t'iu përgjigjur ndryshimeve në ligje. Gjithashtu u zhvilluan takime me të gjithë inspektorët e ISHA për t'u informuar në lidhje me ndryshimet dhe plotësimet në dokumente.

**Rreziqet dhe sfidat e identifikuara dhe planifikimi i afatit të ri për zbatimin e aktiviteteve:**

Duke pasur parasysh se në Mars të vitit 2020, me vendim të Qeverisë dhe me propozimin e Komisionit për mbrojtjen nga sëmundjet infektive, shkollat u mbyllën si rezultat i pandemisë Covid 19, masa 1.1.1.4. Organizimi i "Javës së ndërkulturalizmit" nuk u realizua, për shkak të së cilës propozohet të realizohet në tremujorin e katërt të vitit 2021. Lidhur me masën 1.1.1.1 Përgatitja e dokumentit - Rregullorja për organizimin e mësimdhënies në shkollat shumëgjuhëshe, propozohet që të miratohet Udhëzuesi për organizimin e mësimit në shkollat shumëgjuhëshe dhe e njëjta të përgatitet në tremujorin e tretë të vitit 2021.

**RREZULTATET E ARRITURA NGA QËLLIMI I PRIORITETIT 1.1**







1.2. Приоритетна цел: Организирање заеднички наставни активности по најмалку два различни предмети во училиштата

1.2.Qëllimi i prioritetit: Organizimi i aktiviteteve të përbashkëta mësimore në të paktën dy lëndë të ndryshme në shkolla

**Реализирани активности во 2020 г. во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.2:**

Во однос на мерката 2.1.1.1 Подготовка на упатство за организирање на заеднички наставни активности, Нансен дијалог центар Скопје подготви прирачник „Како до интеркултурно образование", истиот е достапен на три јазици, македонски, албански и турски и може да се симне од https://ndc.org.mk/wp-content/uploads/2018/11/Kako-do-interkulturno-obrazovanie-MK.pdf

Во однос на мерката 2.1.1.2. Реализација на заеднички наставни активности по наставните предмети: Физичко и здравствено образование, странски јазик, Музичко образование, Ликовно образование и Информатика, во текот на 2020 година во седум (7) средни училишта од Град Скопје (СУГС Здравко Цветковски, СУГС Димитар Влахов, СУГС Јосип Броз Тито, СУГС Браќа Миладиновци, СУГС Боро Петрушевски, СУГС Арсени Јовков и СУГС Владо Тасевски) се реализираа заеднички часови во редовната настава, со ученици кои следат настава на различен наставен јазик. Часовите се реализираа во општи предмети (англиски и германски јазик, педагогија, информатика, спорт и спортски активности, граѓанско образование, ликовна уметност) и стручни предмети (анатомија и физиологија на домашни животни; градежништво, геодезија и други сектори за квалификација; познавање на материјали, практична настава за профилот естетичар за нега на раце и нозе, применета козментика). Во 2020 г. во сите училишта, се реализираа 307 часови со физичко присуство и 432 часови на далечина. Проектот на УСАИД за МИМО реализиран од МЦГО во партнерство со ОБСЕ го поддржува Град Скопје и училиштата во реализација на ваквите заеднички часови.

**<u>Идентификувани ризици и предизвици и планиран нов рок за спроведување на активностите:</u>**

Имајќи предвид дека во месец март 2020 година, со одлука на Владата а на предлог на Комисијата за заштита од заразни болести, училиштата беа

**Aktivitetet e realizuara në vitin 2020 në mënyrë të përmbushjes së Qëllimit Prioritar 1.2:**

Lidhur me masën 2.1.1.1 Përgatitja e udhëzimeve për organizimin e aktiviteteve të përbashkëta mësimore, Qendra e Dialogut Nansen Shkup përgatiti doracak "Si deri te arsimi ndërkulturor", ku është i disponueshëm në tre gjuhë, maqedonisht, shqip dhe turqisht dhe mund të shkarkohet nga https : //ndc.org.mk/wp-content/uploads/2018/11/Kako-do-interkulturno-obrazovanie-MK.pdf

Lidhur me masën 2.1.1.2. Realizimi i aktiviteteve të përbashkëta mësimore në lëndët: edukimi fizik dhe shëndetësor, gjuhë e huaj, edukim muzikor, arti figurativ dhe informatikë, gjatë vitit 2020 në shtatë (7) shkolla të mesme nga Qyteti i Shkupit (SHMQSH Zdravko Cvetkovski, SHMQSH Dimitar Vllahov, SHMQSH Josip Broz Tito, SHMQSH Vllezërit Milladinovc, SHMQSH Boro Petrushevski, SHMQSH Arseni Jovkov dhe SHMQSH Vllado Tasevski) realizuan orë të përbashkëta në mësimin e rregulltë, me studentë që vijojnë mësimet në gjuhë të ndryshme mësimore. Orët u realizuan në lëndë të përgjithshme (gjuhë angleze dhe gjermane, pedagogji, informatikë, aktivitete sportive, edukim qytetar, art figurativ) dhe lëndë profesionale (anatomi dhe fiziologji e kafshëve shtëpiake; ndërtimtari, gjeodezi dhe sektorë të tjerë të kualifikimit; njohuri të materialeve, mësim praktik për profilin estet për kujdesin e duarve dhe këmbëve, kozmetikë të aplikuar). Në vitin 2020 në të gjitha shkollat janë realizuar 307 orë prani fizike dhe 432 orë distancë. Projekti i USAID-it për INRA i realizuar nga QMEQ në partneritet me OSBE-në mbështet Qytetin e Shkupit dhe shkollat në realizimin e orëve të tilla të përbashkëta.

**<u>Rreziqet dhe sfidat e identifikuara dhe afatin e ri të planifikuara për zbatimin e aktiviteteve:</u>**

Duke pasur parasysh se në Mars të vitit 2020, me vendim të Qeverisë dhe me propozimin e Komisionit për mbrojtjen nga sëmundjet infektive, shkollat u mbyllën

затворени како резултат на Пандемијата Ковид 19, мерката 2.1.1.2. се реализираше само од страна на училиштата на ниво на Град Скопје, поради што се предлага истата да се реализира, односно да се вклучат поголем број на училишта и општини во вториот квартал од 2022 година. За имплементација на мерката потребна е силна поддршка на ниво на општина и следење, поддршка и насоки од одговорните образовни институции.

si rezultat i Pandemisë Kovid 19, masa 2.1.1.2. u realizua vetëm nga shkollat në nivelin e Qytetit të Shkupit, për shkak të së cilës propozohet të realizohet, pra të përfshihen një numër më i madh i shkollave dhe komunave në tremujorin e dytë të vitit 2022. Për zbatimin e masës është e nevojshme mbështetje e fortë në nivelin komunal dhe ndjekje, mbështetje dhe udhëzim nga institucionet përgjegjëse arsimore.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1.2**




**RREZULTATET E ARRITURA NGA QËLLIMI PRIORITAR 1.2**




**1.3. Приоритетна цел: Зголемување на меѓусебната соработка меѓу различни општински/ државни училишта**

**1.3.Qëllimi i prioritetit: Rritja e bashkëpunimit të ndërsjellë ndërmjet shkollave të ndryshme komunale / shtetërore**

Согласно Акцискиот план мерката 3.1.1 и 3.1.2 се планирани за реализација во 2021 и 2022 година.

Sipas Planit Aksionar, masat 3.1.1 dhe 3.1.2 janë planifikuar për realizim në vitin 2021 dhe 2022.

Во рамки на грантовите кои ги доделува МОН за меѓуетничка интеграција, училиштата организираат и настани во кои активно се вклучени различни општински/ државни училишта

Реализирана е мерката 3.2.1. Ревидирање на правилник за екскурзииДонесен е нов Правилник за екскурзии и други вон-наставни активноти во основно образование бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 и дополнување на Правилникот бр. 12-11297/1 од 15.10.2020 Донесен е и Правилник за дополнување на Правилник за екскурзии и вон-наставни активности во средно образование со бр..13-11296/1 од 15.10.2020.

**1.4. Приоритетна цел: Зголемена соработка на наставниците што предаваат на различни наставни јазици**

**Реализирани активности во 2020 г. во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.4:**

Во однос на мерката 4.1.1.1 „Обуки на наставници за стекнување компетенции за работа во мултикултурни средини преку заеднички наставни/вон-наставни активности", истата континуирано се спроведува со поддршка на граѓанските организации и партнери:

Фондацијата Отворено општество - Македонија во рамки на проектот *Образование на помалите етнички заедници*, кој се спроведува во партнерство со Бирото за развој на образованието ги организирапе следните обуки:

Обука ***„Квалитетна педагошка пракса на 21 век"*** на која учествуваа **73 одделенски наставници** со цел вклучување на семејството и заедницата во образованието на децата, инклузијата, почитување на разликите и демократијата за секое дете и неговото семејство, како и создавање на средина за учење и континуиран професионален развој.
Обука ***„Со читање и пишување до критичко мислење"*** *за* **29 наставници** од различни основни училишта низ државава кои го предаваат изборниот

Në suaza të granteve të dhëna nga MASH-i për integrimin ndëretnik, shkollat gjithashtu organizojnë ngjarje në të cilat në mënyrë aktive përfshihen shkolla të ndryshme komunale / shtetërore.

Masa 3.2.1 është zbatuar. Rishikimi i rregullores për ekskursione është miratuar Rregullore e re për ekskursione dhe aktivitete të tjera jashtëshkollore në arsimin fillor nr. 12-13487 / 1 datë 19.11.2019 dhe plotësimin e Rregullores nr. 12-11297 / 1 datë 15.10.2020 është miratuar edhe Rregullore për plotësimin e Rregullores për ekskursione dhe aktivitete jashtëshkollore në arsimin e mesëm me nr. 13-11296 / 1 nga 15.10.2020

**1.4.Qëllimi i prioritetit: Bashkëpunim i shtuar i mësimdhënësve që japin mësim në gjuhë të ndryshme mësimore**

**Aktivitete të realizuara në vitin 2020 në mënyrë të përmbushjes së Qëllimit Prioritar 1.4:**

Lidhur me masën 4.1.1.1 "Trajnime për mësimdhënësit për marrjen e kompetencave për punë në ambiente multikulturore përmes veprimtarive të përbashkëta mësimore / jashtëshkollore", ajo zbatohet vazhdimisht me mbështetjen e organizatave qytetare dhe partnerëve:

Fondacioni Shoqëria e Hapur - Maqedoni në kuadër të projektit *Arsimi i bashkësive më të vogla etnike*, i cili zbatohet në partneritet me Byronë për Zhvillimin e Arsimit, organizoi trajnimet vijuese:

Trajnimi ***"Praktika pedagogjike cilësore e shekullit 21"*** në të cilën morrëm pjesë **73 arsimtarë të klasave të ulëta** me qëllim përfshirjen e familjes dhe bashkësisë në arsimin e fëmijëve, përfshirjen, respektimin e ndryshimeve dhe demokracinë për secilin fëmijë dhe familjen e tij, si dhe krijimin e mjedisit mësimor dhe zhvillimit të vazhdueshëm profesional.
Trajnim ***"Me lexim dhe shkrim deri te të menduarit kritik"*** *për* **29 mësues** nga shkolla të ndryshme fillore në të gjithë vendin të cilët ligjërojnë gjuhën zgjedhore

предмет Јазик и култура на Власите, Јазик и култура на Бошњаците како и Јазик и култура на Ромите.

Обука за ***Образование за социјална правда*** **во која учествуваа 144 наставници** со цел да се запознаат со концептот на социјална правда, да ја разберат важноста од почитување на различноста меѓу луѓето, да сфатат која е психо-социјалната основа за создавање на предрасуди и стереотипи, што значи дискриминација и што треба да се преземе за да се надминат овие појави.

Обука **„Позитивна клима во училницата“**- за 130 одделенски и предметни наставници кои се членови на заедниците за учење и за 10-те директори од таргетираните основни училишта.

Обука на директорите од 10те училишта: **"Јакнење на улогата на директорите за создавање инклузивна култура во училишта"**.

Gjuha dhe Kultura e Vllehëve, Gjuha dhe Kultura e Boshnjakëve si dhe Gjuha dhe Kultura e Romëve.

Trajnim për ***Edukimi për drejtësi sociale*** **në të cilin morën pjesë 144 mësues** në mënyrë që të njihen me konceptin e drejtësisë sociale, për të kuptuar rëndësinë e respektimit të diversitetit midis njerëzve, për të kuptuar bazën psiko-sociale për krijimin e paragjykimeve dhe stereotipave, çfarë do të thotë diskriminim dhe çfarë duhet bërë për të tejkaluar këto fenomene.

Trajnim **"Klima pozitive në klasë"** - për 130 arsimtarë të klasave dhe të lëndëve të cilët janë anëtarë të bashkësive për mësim dhe për 10 drejtorët e shkollave fillore të synuara.

Trajnimi i drejtorëve të 10 shkollave: **"Përforcimi i rolit të drejtorëve në krijimin e kulturës gjithëpërfshirëse në shkolla"**.

1. Квалитетна педагошка пракса на 21 век
2. Со читање и пишување до критичко мислење
3. Образование за социјална правда
4. Позитивна клима во училницата
5. Јакнење на улогата на директорите за создавање инклузивна култура во училишта

РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ

1. Praktika pedagogjike cilësore e shekullit 21
2. Me lexim dhe shkrim deri te të menduarit kritik
3. Edukimi për drejtësi sociale
4. Klima pozitive në klasë
5. Përforcimi i rolit të drejtorëve në krijimin e kulturës gjithëpërfshirëse në shkolla

Trajnime të realizuara

Со поддршка на Проектот на УСАИД за МИМО реализиран од МЦГО во партнерство со УНИЦЕФ:

- Изготвени и донесени правилници за основни професионални компетенции и стандарди за наставници и стручни соработници по подрачја кои што содржат компетенции за интеркултурализам и се основа за изготвување на програми за обуки, професионален и кариерен развој на овој кадар.

- Изготвени и донесени правилници за наставници и стручни соработници-приправници и професионални компетенции за директори на училишта кои што содржат компетенции за интеркултурализам и служат како основа за натамошен професионален развој и унапредување.

Me mbështetjen e Projektit USAID-it për INRA të realizuar nga QMEQ në partneritet me UNICEF-in:

- Rregullore të përgatitura dhe të miratuara për kompetencat dhe standardet themelore profesionale për arsimtarët dhe bashkëpunëtorët profesional në fushat që përmbajnë kompetenca për ndërkulturalizëm dhe janë baza për përgatitjen e programeve për trajnime, zhvillim profesional dhe të karrierës së këtij stafi.

- Rregullore të përgatitura dhe të miratuara për arsimtarët dhe bashkëpunëtorë-praktikantë profesional dhe kompetenca profesionale për drejtorët e shkollave që përmbajnë kompetenca për ndërkulturalizëm dhe shërbejnë si bazë për zhvillimin dhe avancimin e mëtejshëm profesional.

Проектот на УСАИД за МИМО реализиран од МЦГО во соработка со ОБСЕ реализираше обуки и ги изгради капацитетите на 45 наставници од 7 средни училишта од Град Скопје за реализација на заеднички часови. Во рамки на активностите за поддршка на институциите во ревидирање на програмата за граѓанско образование за средни стручни училишта реализираше онлајн обуки со над 100 наставници во чии што рамки се обработуваат содржини од интеркултурализам, што се дел од Водичот за наставници за граѓанско образование за средно стручно. Исто така, Проектот ги поддржа институциите во изготвување на упатства за реализација на наставни и вонnаставни активности на далечина со вклучени аспекти за реализација на заеднички активности достапни на македонски и албански јазик:

Во 2020 година, Бирото за развој на образованието започна со реформа на системот на обуки - креирање на Каталог на обуки, во кој ќе биде планирана/акредитирана и обука за стекнување компетенции за работа во мултикултурни средини. Советниците од Бирото и Центарот за стручно образование и обука даваат континуирана поддршка на наставниците за организирање на вон-наставни активности согласно новата Концепција за вон-наставни активности.

Projekti USAID-it për INRA i realizuar nga QMEQ në bashkëpunim me OSBE-në realizoi trajnime dhe ndërtoi kapacitetet e 45 arsimtarëve nga 7 shkolla të mesme të Qytetit të Shkupit për realizimin e orëve të përbashkëta. Në suaza të aktiviteteve për mbështetjen e institucioneve në revidimin e programit të edukimit qytetar për shkollat e mesme profesionale, realizoi trajnime online me mbi 100 mësues në të cilat përpunohen përmbajtjet nga ndërkulturalizmi, të cilat janë pjesë e Udhëzuesit për arsimtarët e edukimit qytetar për shkollat e mesme profesionale. Gjithashtu, Projekti mbështet institucionet në përgatitjen e udhëzimeve për realizimin e aktiviteteve mësimore dhe aktiviteteve jashtëshkollore me distancë me aspekte të përfshira për realizimin e aktiviteteve të përbashkëta të disponueshme në gjuhë maqedone dhe shqipe:

Në vitin 2020, Byroja për Zhvillimin e Arsimit filloi me reforma në sistemin e trajnimeve - krijimin e Katalogut të Trajnimeve, në të cilin do të planifikohet / akreditohet edhe trajnimi për marrjen e kompetencave për të punuar në mjedise multikulturore. Këshilltarët nga Byroja dhe Qendra për Arsim dhe Trjanim Profesional ofrojnë mbështetje të vazhdueshme për arsimtarët për organizimin e aktiviteteve jashtëshkollore në përputhje me Konceptin e ri për aktivitetet jashtëshkollore.

**Идентификувани ризици и предизвици:**

Имајќи предвид дека во месец март 2020 година, со одлука на Владата а на предлог на Комисијата за заштита од заразни болести, училиштата беа затворени како резултат на Пандемијата Ковид 19, обуките во најголем дела се реализираа on-line користејќи разновидни дигитални алатки.

**Rreziqet dhe sfidat e identifikuara:**

Duke pasur parasysh se në Mars të vitit 2020, me vendimin e Qeverisë dhe me propozim të Komisionit për Mbrojtjen nga Sëmundjet Ngjitëse, shkollat u mbyllën si rezultat i Pandemisë Kovid 19, trajnimet u realizuan kryesisht on-line duke përdorur mjete të ndryshme digjitale.







**1.5. Приоритетна цел: Зголемена соработка на релација училиште - родители - ученици**

**1.5. Qëllimi i prioritetit: Bashkëpunim i rritur i relacionit shkollë – prindër – nxënës**

Реализирани активности во 2020 г. во насока на исполнување на Приоритетна цел 1.5:

Aktivitetet e realizuara në vitin 2020 në mënyrë të përmbushjes së Qëllimit Prioritar 1.5:

Во текот на 2020 година континуирано се реализираа заеднички работилници со ученици и родители (од различни наставни јазици во повеќејазичните училишта). Во рамки на грантовите кои ги доделува МОН за меѓуетничка интеграција, училиштата организираат и настани во кои активно се вклучени родителите/старателите.

Во рамките на Нансен Моделот за интеркултурно образование, наставнички тандеми од сите училишта редовно организира работилници со родители во различен етнички состав, исто така развиена е и програма за родители која што е достапна на три јазици (македонски, албански и турски јазик) објавена на следниот линк: https://nmie.org/mk/publikacii/

**Идентификувани ризици и предизвици:**

Имајќи предвид дека во месец март 2020 година, со одлука на Владата а на предлог на Комисијата за заштита од заразни болести, училиштата беа затворени како резултат на Пандемијата Ковид 19, работилниците во најголем дела се реализираа on-line користејќи разновидни дигитални алатки.

Gjatë vitit 2020, në mënyrë të vazhdueshme janë realizuar punëtori të përbashkëta me nxënës dhe prindër (në gjuhë të ndryshme mësimore në shkolla shumëgjuhëshe). Në suaza të granteve të dhëna nga MASH-i për integrimin ndëretnik, shkollat organizojnë edhe ngjarje në të cilat përfshihen në mënyrë aktive prindërit/kujdestarët.

Në suaza të Modelit Nansen për arsimin ndërkulturor, arsimtarët tandemë nga të gjitha shkollat rregullishtë organizojnë punëtori me prindër me përbërje të ndryshme etnike, gjithashtu është zhvilluar edhe program për prindërit i cili është i disponueshëm në tre gjuhë (gjuhë maqedone, shqipe dhe turke) i publikuar në lidhjen vijuese: https://nmie.org/mk/publikacii/

**Rreziqet dhe sfidat e identifikuara:**

Duke pasur parasysh se në Mars të vitit 2020, me vendimin e Qeverisë dhe me propozim të Komisionit për Mbrojtjen nga Sëmundjet Ngjitëse, shkollat u mbyllën si rezultat i Pandemisë Kovid 19, punëtoritë u realizuan kryesisht on-line duke përdorur mjete të ndryshme digjitale.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1.5

Реализирани се заеднички активности од интеркултурен карактер

Во рамките на Нансен Моделот за интеркултурно образование развиена е програма за родители

**ОЦЕНКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТОТ 1**

*Спроведените активности во рамки на Приоритет 1 придонесоа кон почитување на мултикултурализмот и развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција меѓу учениците од различните етнички заедници и различните наставни јазици во основното и средното образование.*

## RREZULTATET E ARRITURA NGA QËLLIMI PRIORITAR 1.5

Janë realizuar aktivitete të përbashkëta me karakter ndërkulturor

Në suaza të Modelit Nansen për arsimin e ndërkulturor është zhvilluar program për prindërit

**VLERËSIMI I ZBATIMIT TË PRIORITETIT 1**

*Aktivitetet e realizuara në suaza të Prioritetit 1 kontribuan në respektimin e multikulturalizmit dhe zhvillimin e dialogut/bashkëveprimit ndërkulturor dhe avancimin e integrimit ndërkulturor ndërmjet nxënësve të bashkësive të ndryshme etnike dhe gjuhëve të ndryshme arsimore në arsimin fillor dhe të mesëm.*

## Приоритет 2: Унапредување на учењето на јазикот на „другиот“

## Prioriteti 2: Avancimi i mësimit të gjuhës së "tjetrit"

2.1 Приоритетна цел: Подобрено познавање на македонскиот јазик меѓу учениците кои посетуваат настава на јазик различен од македонскиот

2.1. Qëllimi i prioritetit: Njohje e përmirësuar e gjuhës maqedonase ndërmjet nxënësve që ndjekin mësimet në gjuhë tjetër nga maqedonishtja

Реализирани активности во 2020 г. во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.1:

Aktivitete të realizuara në vitin 2020 në mënyrë të përmbushjes së Qëllimit prioritar 2.1:

Во однос на мерката 2.1.1.1 „Ревидирање на наставната програма за изучување на македонскиот јазик како немајчин јазик во IV одделение", мерката е реализирана односно донесена е нова наставна програма со Решение на министерот бр.12-5971/4 од 17.8.2020 г.  Донесена е и нова програма за V одделение со Решение на министерот бр.12-5971/5 од 17.8.2020 г. и нова програма за VI одделение со Решение на министерот бр.12-5971/6 од 17.8.2020 г. Програмите се објавени на веб страната на Бирото за развој на образованието а се применуваат од учебната 2020/2021 година (од 1 октомври 2020).

Реализирана е и мерката 2.1.1.3. „Обука на наставници за ревидираната наставна програма". Од страна на Бирото за развој на образованието спроведена е обука за наставниците во текот на месец септември 2020 г.

Град Скопје, во рамките на донесената Стратегија за меѓуетничка интеграција и младински активизам во 10 средни училишта реализираше активност „Го зборувам јазикот на мојот другар". Во текот на првото полугодие на учебната 2020/2021 година 102 ученици и 56 наставници посетија курс на албански јазик, 105 ученици и 15 наставници посетија курс на турски јазик и 257 ученици на македонски јазик.

Lidhur me masën 2.1.1.1 "Rishikimi i programit arsimor për mësimin e gjuhës maqedonase si gjuhë jo-amtare në klasën e IV", masa u realizua përkatësisht është miratuar program i ri arsimor me Aktvendim të Ministrit nr. 12-5971 / 4 datë 17.8.2020. Është miratuar edhe një program i ri për klasën e V me Aktvendim të Ministrit nr. 12-5971 / 5 datë 17.8.2020 dhe program i ri për klasën VI me Aktvendim të Ministrit nr. 12-5971 / 6 datë 17.8.2020. Programet janë publikuar në faqen e internetit të Byrosë për Zhvillimin e Arsimit dhe zbatohen nga viti akademik 2020/2021 (nga 1 Tetori i vitit 2020).

Është realizuar edhe masa Masa 2.1.1.3.  "Trajnimi i arsimtarëve për programin e rividuar arsimor". Byroja për Zhvillimin e Arsimit zhvilloi trajnime për arsimtarët gjatë muajit Shtator 2020.

Qyteti i Shkupit, në kuadër të Strategjisë së miratuar për Integrim Ndëretnik dhe Aktivizmit të të Rinjve në 10 shkolla të mesme realizoi aktivitetin "Unë flas gjuhën e mikut tim". Gjatë semestrit të parë të vitit shkollor 2020/2021, 102 nxënës dhe 56 arsimtarë ndoqën kurs në gjuhën shqipe, 105 nxënës dhe 15 arsimtarë ndoqën kurs në gjuhën turke dhe 257 nxënës në gjuhën maqedonase.







<u>**Идентификувани ризици и предизвици:**</u>

Мерката 2.1.1.2. „Креирање наставни и дидактички материјали за изучување на македонски јазик како нејмачин јазик" не е реализирана, од причина што во тек е донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали, согласно кој во наставата учебници во хартиена форма ќе се користат само за ученици од прво до трето одделение, а за останатите ученици ќе се користат дигитални учебници и разновидни наставни и дидактички материјали. Целта е учениците да се стекнуваат со знаење од разновидни извори на информации, со што ќе се развие нивната критичка мисла. Предлог законот е објавен за јавна расправа со пошироката јавност на ЕНЕР системот во месец март 2021. Од тие причини се предлага во ревидираниот акциски план рокот да биде променет во четвртиот квартал од 2022 година.

<u>**Rreziqet dhe sfidat e identifikuara:**</u>

Masa 2.1.1.2. "Krijimi i materialeve arsimore dhe didaktike për mësimin e gjuhës maqedonase si gjuhë jo-amtare" nuk është realizuar, sepse është në procedurë miratimi i ligjit të ri për tekstet shkollore dhe materiale të tjera mësimore dhe didaktike, sipas të cilit librat shkollorë në formë letre do të përdoren vetëm për nxënësit nga klasa e parëderi në klasën e tretë, dhe për nxënësit e tjerë do të përdoren tekste digjitale dhe materiale të ndryshme mësimore dhe didaktike. Qëllimi është që nxënësit të fitojnë njohuri nga larmi burimesh informacioni, të cilat do të zhvillojnë të menduarit e tyre kritik. Propozim-ligji u shpall për debat publik me publikun e gjerë me sistemin RVKE në Mars të vitit 2021. Prandaj, është propozuar në planin e rividuar aksionar që afati të ndryshohet në tremujorin e katërt të vitit 2022.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 2.1

Донесени се нови програми за изучување на македонскиот јазик како немајчин јазик во IV, V и VI одделение

Спроведена е обука за наставниците за новите наставни програми

## RREZULTATET E ARRITURA NGA QËLLIMI PRIORITAR 2.1

Janë miratuar programe të reja për mësimin e gjuhës maqedonase si gjuhë joamtare në klasën e IV, V dhe VI

Është realizuar trajnimi për arsimtarët për programet e reja arsimore

**2.2 Приоритетна цел: Учениците што учат на македонски јазик се оспособени за базична комуникација на јазикот на други етнички заедници**

**2.2. Qëllimi i prioritetit: Nxënësit që mësojnë në gjuhën maqedonase janë të aftë për komunikimin bazë në gjuhën e bashkësive të tjera etnike.**

**Реализирани активности во 2020 г. во насока на исполнување на Приоритетна цел 2.2:**

Мерката 2.2.1.1 „Ревидирање на наставниот план" е реализирана. Имено, новиот наставен план е составен дел на Концепцијата за основно образование донесена со Решение на министерката за образование и наука бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 г.

Фондацијата Отворено општество-Македонија отпочна со спроведување на

**Aktivitetet e realizuara në vitin 2020 në mënyrë të përmbushjes së Qëllimit prioritar 2.2:**

Masa 2.2.1.1 "Rishikimi i planit arsimor" është realizuar. Gjegjësisht, plani i ri arsimor është pjesë përbërëse e Konceptit për arsimin fillor të miratuar me Aktvendim të Ministres së Arsimit dhe Shkencës nr. 08-3980 / 1 datë 3.3.2021.

Fondacioni Shoqëria e Hapur-Maqedoni filloi me realizimin e projektit *Edukimi i*

проектот *Образование на помалите етнички заедници* кој има за цел да придонесе кон подигање на квалитетот на образованието на јазиците на помалите етнички заедници (турски, српски, босански јазик). Проектот се спроведува во партнерство со Бирото за развој на образованието а во тесна соработка со Фондацијата за образовни и културни иницијативи "Чекор по чекор" (Чекор по чекор) и Фондацијата Метаморфозис. Во проектот се вклучени двете основни училишта со настава на босански јазик (ПОУ „Дитуриа" од с. Љубин, општина Сарај и ООУ "Рајко Жинзифов" с. Оризари, општина Велес), трите училишта со настава на српски јазик ( ООУ "Кирил и Методиј" с. Кучевиште, општина Чучер Сандево; ООУ "Светозар Марковиќ"с. Старо Нагоричане, општина Старо Нагоричане; и ООУ "Браќа Рибар" с. Табановце, општина Куманово), четири училишта со настава на турски јазик ( ООУ „Неџати Зекирија" с. Коџаџик, општина Центар Жупа; ООУ „Гоце Делчев" с. Василево, општина Василево; ООУ „Мустафа Ќемал Ататурк" с. Долно Количани, општина Студеничани и ООУ „Страшо Пинџур" с. Карбинци, општина Карбинци) како и училиштето ООУ „Браќа Рамиз и Хамид" од општина Шуто Оризари кое има најголем број ученици кои го посетуваат изборниот предмет Јазик и култура на Ромите.

